# УЛОГА И ПРИМЕНА НА АВТЕНТИЧНИ НАРОДНИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ ВО ТРЕТАТА СИМФОНИЈА „РУСТИКА“, ОПУС 58, ОД АВТОРОТ ВЛАСТИМИР НИКОЛОВСКИ

проф. д-р Гоце ГАВРИЛОВСКИ

Музичка академија, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, goce.gavrilovski@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Во овој труд се образложува улогата на народните музички инструменти и нивната примена во делото Третата симфонија ор. 58 „Rustica“, од авторот Властимир Николовски. Преку неколку примери од аспект на појавата на народните музички инструменти во делото, се дефинира нивната улога, карактеристики, како и комбинација при начин на употреба во соодност со останатите музички инструменти од симфонискиот оркестар, дадени во партитурата од делото.

*Клучни зборови:* народни музички инструменти, зурла, кавал, гајда, тапан, тарабука

На самиот почеток од Третата симфонија ор. 58 „Rustica“, авторот Властимир Николовски, како вовед, ја употребува формата „Тешкото“, која тогаш е појавена по осми пат во неговото творештво (од вкупно - над десет пати, колку што е појавено низ целокупното творештво од авторот). На почетокот од делово, народниот танец „Тешкото“ е претставен во зурла и тапан- изворните музички инструменти при неговото исполнување. Во текстот кој го забележал самиот автор[1], стои напомена дека: доколку има недостиг од овие два народни инструменти (што е можен случај доколку делото се исполнува во странство), или при неможност да се пронајдат соодветните народни изворни инструменти, а со цел делото да биде изведено - од многу логични и прагматични причини авторот одлучува овие народни музички инструменти да бидат заменети со музички инструменти кои се одликуваат со најблизок опсег, боја и тембар во однос на народните, а припаѓаат на класичниот симфониски оркестар, и тоа:

- двете зурли може да бидат заменети со две обои;
- двата кавали се заменуваат со две флејти и
- гајдата е заменета со фагот. [2]

Ова всушност претставува и предмет на анализата во овој труд, во кој се прикажува и дефинира: појава, улога, обработка, опис и карактеристики на народните музички инструменти.

Поимот „Рустика“ во делото Третата симфонија ор. 58 „Rustica“, на авторот Властимир Николовски е најмногу впечатлив при рустикалното исполнување на инструментите, посебно во нивните соло- делници. Рустикалното пеење претставува фолклорно пеење, што всушност претставува национална основа, а во делото е појавено преку употреба на инструментација на вокалот - оркестрација на човечко пеење на сцена, преку разни музички инструменти.

Интенцијата на авторот во ова дело била што подлабоко да се навлезе во корените на фолклорот, а тој тоа го претставува преку карактеристичната фолклорна употреба на: мелодијата, ритамот, хармонијата и инструментариумот.

---

[1] според текстот во партитурата наведен од страна на авторот Властимир Николовски, Властимир Николовски, Трета симфонија ор. 58 „Rustica“

[2] според забелешките на авторот Николовски дадени во партиурата од делото, Ibid, Николовски

Композиторот Властимир Николовски во голема мера, преку разни институции- „Унеско", се залагал за негување и зачувување на нашата традиција, преку употреба на народните инструменти. Оваа негова идеја и ден- денес е продолжена и се остварува преку отварање на отсеци по народни инструменти, на катедрите на ФМУ во Скопје и Штип, од каде секоја година произлегуваат бројни и значајни млади уметници, кои доста сериозно владеат со исполнителната техника на народните музички инструменти.

Кога ќе се повлече паралела помеѓу времето кога е создадено ова дело и денес, ќе се заклучи дека денешната изработка на народните музички инструменти е доста пософистицирана и попрецизна, се проширува нивниот опсег и се создаваат услови за изведба на ова дело со употреба на народни музички инструменти.

Во продолжение од трудов ќе следи преглед и анализа на употребата на традиционалните музички инструменти во Третата симфонија ор. 58 „Rustica", од авторот Властимир Николовски. Начинот на кој ќе ја разгледаме и дефинираме употребата на традиционалните музички инструменти е редоследно претставено, или онака како што тие се дадени, според нивното место во партитурата на делото, и тоа: кавал, зурла, гајда, тарабука, тапан.

- ***Кавалот***, во самата партитура е посочен како „Флејта од Македонија", во композицијата се јавува на страна број 102 до 103 од партитурата на делото. Се одликува со мелодиска функција, а даден е во средниот- висок регистар, во комбинација заедно со кларинетот. Како придружни инструменти со хармонска функција на ова место се јавуваат трубите со сордина[3], (со препознатлив „лонтано звук – повик од далечина"), како и кампанелите, кои се одликуваат со нежен, кршлив тембр, и там-тамот, во пијанисимо динамика. Подоцна се приклучува алт- флејтата, која имитира и претставува стилизиција на втор, придружен кавал, во подлабок регистар, во комбинација со бонгоси и виолини, кои свират во висок регистар со пијано динамика, и опишуваат „вресок" кој доаѓа од далеку. При крајот од мелодиската делница се приклучува и тапанот. (пр. стр. бр. 102).

- двете ***Зурли*** во композицијата се појавени на почетокот од делото на страна број 3 до страна број 6. Карактеристично е тоа што авторот на овие инструменти им доверил мелодиска функција дадена во полифон слог, во вид на хетерофонија, а на места- и со бордунски, педален настап. Хетерофонијата и бордунот се едни од најкарактеристичните музички изразни средства кои се јавуваат во македонскиот музички фолклор. Зурлите се наоѓаат во својот среден- низок регистар, а тие заедно и во комбинација со тапанот образуваат комплементарен ритам. Во следниот такт се приклучуваат и кларинетите во низок регистар, со што на најдобар начин го потврдуваат тој „зурлашки призвук". Хорните и трубите во 6- ти такт се карактеризираат со хармонска функција, во пијано динамика, дадени со мотив на „лонтано звук, од далечина". (пр. стр. бр. 3).

[3] Пригушувач кој се употребува за намалување на динамичкиот интензитет на инструментот.

**Нотен пр. бр. 1**. В. Николовски - Симфонија бр. 3, „Рустика”, оп. 58, стр. 102



**Нотен пр. бр. 2.** В. Николовски - Симфонија бр. 3, „Рустика”, оп. 58, стр. 3




Т. Манчев, во книгата „Движењето суштински елемент кај симфониското творештво“ истакнува дека во современата модерна оркестрација се прават обиди за доближување до фолклорната традиција. Редица композитори употребуваат оригинални народни инструменти во симфонискиот оркестар. Други пак, со помош на стилизација од дадениот оркестрациски инструментариум, добиваат звук на народни инструменти. Така, Николовски во Третата симфонија на почетокот со помош на обоите и кларинетите (во претходен пример бр.2), во длабокиот регистар добива звук на зурла” [4]. (пр. стр. бр.5).

---

[4] Томе Манчев, *Движењето суштински елемент кај симфониското творештво*, СОКОМ: Скопје, 2001, стр. 98.

**Нотен пр. бр. 3**. В. Николовски - Симфонија бр. 3, „Рустика”, оп. 58, стр. 5



На страна број 5 од партитурата на делото се јавуваат флејти во висок регистар и со фортисимо динамика, заедно со кларинети, кои опишуваат силен рустикален „вресок“, а гудачките инструменти во фортисимо динамика имаат улога на „импулси“. Пред крајот на појавата на зурлите, на страна број 6 од партитурата, се јавуваат хорните и трубите, кои се карактеризираат со рустикален тематски мотив во форте динамика, а тоа е обработка на почетниот тематски материјал даден кај зурлите (даден на страна бр.3 од паритурата), во аугментација и понатамошна разработка со истиот почетен тематски материјал. (пр.стр. 6).

**Нотен пр. бр. 4**. В. Николовски - Симфонија бр. 3, „Рустика", оп. 58, стр. 6



На страна број 99 до 101 од паритурата зурлите се карактеризираат со мелодиска функција, дадени се во среден- низок регистар. Тие се во комбинација со: кларинетот, бас-кларинетот, гајдата, фаготите, а сите се одликуваат со мелодиска функција и заедно образуваат интересен рустикален тембар. Како придружни инструменти со ритмичко-хармонска улога се јавуваат гудачките инструменти. (пр. стр. бр. 100).

**Нотен пр. бр. 5**. В. Николовски - Симфонија бр. 3, „Рустика”, оп. 58, стр.100



- ***Гајда***, во делото е појавена на страна број 99 до страна број 102. Таа се карактеризира со мелодиска функција, а се протега низ целиот свој амбитус со опсег од: d1 - e2, во форте динамика, (види претходен пример број 5: В. Николовски- Симфонија бр. 3, „Рустика”, оп. 58, стр. бр. 100).

Непосредно по завршетокот од нејзиниот настап на страна број 102 од партитурата, гајдата се јавува и на страна број 104 до страна број 110. При исполнителската техника се карактеризира со мелодиска функција и појава на специфична глисандо - артикулација. Таа се појавува во комбинација со фаготите, а сите заедно образуваат интересен и карактеристичен рустикален призвук. На тоа место дрвените дувачки инструменти формираат особен „зурлашки тембар“, во длабок регистар, додека гудачките инструменти се карактеризираат со ритмичко-хармонска улога, која во комбинација со тапанот и тимпанот формираат комплементарен ритам. ( пр. стр. бр. 104).

**Нотен пр. бр. 6**. В. Николовски - Симфонија бр. 3, „Рустика”, оп. 58, стр. 104



При крајот од појавата на гајдата, на страна 109, преку забрзувањето-ачелерандо, флејтите и пиколото се дадени во висок регистар, додека кларинетите и обоите настапуваат со артикулациска техника тремоло. (пр. стр. бр. 109).

**Нотен пр. бр.7**. В. Николовски - Симфонија бр. 3, „Рустика”, оп. 58, стр. 109



Исто така, гајдата се јавува и на страна број: 125 до 128 од партитурата. Нејзината мелодиска функција е комбинирана со фаготите и обоите. Хорните се одликуваат со популарните тонови во вид на „вресок”, дадени преку артикулациската техника во нагорно глисандо, а тимпанот и тапанот се карактеризираат со ритмичка функција, во вид на комплементарно надополнување со гудачите, кои имаат хармонско- ритмичка функција, додека флејтите, кларинетите и ксилофонот се одликуваат со кратки мелодиски пасажи, во фортисимо динамика, кои имаат за функција зголемување на тензијата, дадени како „нараснувачки бранови од краток здив“. (пр. стр. бр. 126).

**Нотен пр. бр. 8**. В. Николовски - Симфонија бр. 3, „Рустика”, оп. 58, стр. 126



-***Тарабуката*** во делово се јавува на страна број 12 до страна број 15 од партитурата. Се карактеризира со ритмичка улога, со цел надополнување и оформување на комплементарниот ритам, во комбинација со тапан и тимпан. Дадена е со артикулациска техника „col mani”- свирење, тропање со раце, а во динамика фортисимо. На ова место гудачките инструменти се карактеризираат со ритмичко-хармонска улога, а дрвените дувачки инструменти имаат мелодиска улога, додека пак металните дувачки инструменти се одликуваат со хармонско-педална функција. (пр. стр. бр. 13).

**Нотен пр. бр. 9**. В. Николовски - Симфонија бр. 3, „Рустика”, оп. 58, стр. 13



- ***Тапанот*** во делово е појавен на страна број: 3 до 17, 28 до 30, 50 до 53, 78 и 79, 99 до 109 и 125 до 131 од партитурата. Се карактеризира со ритмичка улога, која образува комплементарен ритам во однос на другите музички инструменти, кои се дадени со ритмичка улога на тие места во делото. Тапанот се одликува со стандардна артикулација и техника, а малата прачка- стапчето, во бројни случаеви исполнува слободно- „ad libitum”, или на места и со дадена импровизациска ритмичка фигура, во вид на алеаторика. (пр. стр. бр. 9).

**Нотен пр. бр. 10**. В. Николовски - Симфонија бр. 3, „Рустика”, оп. 58, стр. 9



Во врска со претходниот пример на страна број 9 од партитурата, авторот Т. Манчев во својата книга "Движењето - суштински елемент кај симфониското творештво" го има издвоено следново мислење: "Сметаме дека претходниот пример ја претставува алеаториката од еден друг агол. Имено, во Третата симфонија на почетокот од првиот став, тапанот- преку алеаторика ја придружува основната мисла изнесена од обоата и кларинетот (со цел да се имитира зурлата). Композиторот на овој начин убедливо го потенцира движењето– динамизмот, од почетокот до крајот на делото. Значајно за ова дело е продолженото дејство создадено од динамизмот пренесен од авторот преку исполителското тело врз публиката. Кај авторите од втората половина на 20-ти век се сретнува и друг вид на движење добиено со ритмичка разновидност- комплементарност меѓу делниците во партитурата за сметка на мелодијата... Меѓу другото да напоменеме дека фолклорната традиција располага со безброј примери во кои мелодијата се движи во потесни рамки" [5].

**Заклучок**

Според претходно наведеното, во продолжение следува заклучок за примената на оркестарската група и начинот на појава на народните музички инструменти во Третата симфонија "Рустика"- оп. 58, од композиторот Властимир Николовски:

1. При оформувањето на оваа оркестарска група, авторот ги застапил следниве видови на инструменти: гајда; 1, 2- зурла; кавал; тарабука и тапан;

2. При настапот на инструментите од оркестарската група народни музички инструменти, нивната улога ги опфаќа основните функции кои го оформуваат ткивото на едно музичко дело: мелодиска и ритмичка функција;

3. Кога оваа група ќе се компарира со сите други оркестарски групи, може да се забележи дека народните инструменти се присутни во партитурата преку најразлични фактурни модификации на тематските материјали во рамки на самата група, или во рамки на пододделни групации, како и тоа дека оваа група располага со висок степен на индивидуализација со, доколку е потребно, сложени репродуктивно- технички барања;

4. Улогата која овие инструменти ја понесуваат во ова симфониско дело е исклучително голема;

5. Третманот на овие инструменти во ова симфониско дело на авторот Николовски најчесто е солистички, при што се зголемува оркестарскиот звукоред- доколку се опфатени сите инструменти како што се запишани во изворна верзија од страна на авторот, иако како карактеристика- низ разни места од делово постои модификација на пристапот во изведбата кон овие инструменти (кавал= флејта, зурла= обоа, гајда= фагот);

6. Особено се издвојуваат инструментите кои се застапени со силна индивидуализација на секој извршител од оваа група посебно, издвојувајќи ги со сосема различни тематски, различни фактурно поставени материјали, како и соло- настапи на музичките материјали, кои се различно озвучени;

---

[5] Томе Манчев, *Движењето суштински елемент кај симфониското творештво*. СОКОМ. Скопје. 2001. стр. 70.

7. Всушност, пораката е дека тој реален „зурлашко- тапански” звук, авторот сака изворно да нѝ го пласира, преку најразлични оркестарски комбинации- варијанти, во различни оркестарски групи, преку доста успешни оркестарски решенија- и со оригинални, изворни, автентични народни музички инструменти;

8. Во ова дело карактеристична е хетерофона и бордунска обработка на мелодиската линија кај кавалот и гајдата, во однос на инструментите од другите оркестарски групи (на пример- дрвените дувачки музички инструменти), а најтипично - кај двете зурли- меѓусебно, со што авторот сака да ги потцрта најкарактеристичните - хетерофоно и бордунско пеење, кои претставуваат основни белези, и воглавно претставуваат најзастапени и најпрепознатливи одлики во македонскиот народен фолклор (со што се опишува оригиналното фолклорно изворно пеење);

9. Треба да се потенцира дека значењето кое оваа оркестарска група ја има за композиторот и неговото творештво е многу големо, бидејќи народните музички инструменти претставуваат најкарактеристичен, најзначаен и најпрепознатлив белег, како и потпора на драматуршкото дејствие во ова дело.

Може да се заклучи дека авторот употребува голем симфониски состав, инструментариумот е доста разработен, а инструментите се употребени со најразлични функции: мелодиска, хармонска, педална, ритмичка, како и комбинација од истите.

Во Третата симфонија “Рустика”, оп. 58 на композиторот В. Николовски може да се дефинираат бројни елементи како есенцијални за делово. Тоа се елементи со кои авторот сакал и постигнал обработка и опис на најзначајните, најпрепознатливи и најкарактеристични елементи, кои се составен дел од нашиот македонски фолклор:

1.оркестрација на фолклорно пеење, појавена преку:

- лонтано- философски звук (од далечина- минато);
- извик нагоре- елемент појавен во македонското фолклорно пеење („извикувачки” тонови- во вид на нагорно глисандо);
-хетерофонија- еден од најкарактеристичните елементи со кои се одликува нашето македонско фолклорно пеење;
-бордун- остинантен педал- карактеристичен составен елемент од македонското фолклорно свирење и пеење.

2. употреба на автентични изворни музички народни инструменти

3. оркестрација на фолклорните елементи со помош на употреба на веќе дадениот инструментариум во оркестарот, преку:

- удари на тапан - оркестриран во гудачкиот корпус, како и употреба на тимпан, тарабука или друг инструментариум;
-”зурлашки” тон - вид на тембр најчесто појавен во дрвените дувачки инструменти, а на места и кај металните дувачки инструменти.

Од сето ова произлегува заклучокот дека народните музички инструменти се многу значајни за композиторот кој ги избира, организира, и конципира многу темелно, со цел, најсоодветно да го претстави озвучувањето на драматуршкото дејствие во делото. Комплементарноста во прогресијата на носечките мелодиски структури, кои постојано преоѓаат од оркестарот во солистот и обратно, претставува една од својствените карактеристики во вид на преземање на мелодиската линија при оркестрацијата во делата на Николовски. Секој инструмент што е различен од друг, е појавен во симфонискиот оркестар. Преку оваа употреба се постигнува богат колорит и разнолик музички тембар.

Во ова дело се добива впечаток дека регистрите како да асоцираат на следнава програмска тематика:

-минато- длабок регистар,

-сегашност- среден регистар,

-иднина- висок регистар

Во своите партитури композиторот Николовски се служи со изворни фолклорни (народни) музички инструменти и нови музички изразни средства кај инструментариумот на оркестарот. Зурлата, кавалот, гајдата и тапанот остануваат генетски поврзани за традицијата на македонскиот народ. За да се дојде до ваква реализација личноста треба да поседува висока национална свест, естетски вредности- бидејќи и самиот автор влегува во сфера што не е доволно истражена, цврсто стои на овие гледишта и влегува во „авантура” која има за цел опишување на националниот израз.

**Користена литература:**


1. Абрашев, Б. (1995). *Музикални инструменти*. Софија: Музика
2. Абрашев, Б. (1992). *Симфонична оркестрација – оркестрација и музикална форма*
3. Гавриловски, Г. (2007). *“Присутноста, улогата и употребата на музичките инструменти во Третата симфонија “Рустика“, оп. 58, на македонскиот композитор Властимир Николовски* (магистерски труд). Скопје: ФМУ
4. Деспиќ, Д. (1979). *Музички инструменти*. Београд: Универзитет уметности
5. Манчев, Т. (2001). *Движењето суштински елемент кај симфониското творештво*, Скопје: СОКОМ
6. Николовски, В. (1982/83). *Традиција во македонското музичко творештво*. Македонска музика, бр.5. Скопје: Струшка музичка есен